СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ :
# ОД ОСМАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,.ОДРЖАНА НА 28.II .1. III .1991 г.

Скопје,март 1991 г.

ДНЕВЕН РЕД: стр.1

ДИСКУТАНТИ НА 7111-та СВДНИДА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,0ДРЖАНА НА 28.II. и 1.III.1991 г.


1. АБДИ ФАИК - стр.17
2. АЛЕУ ЕШРЕФ- 5,20
СТОЈАН 1,18,19
5. АНДОВ СТОЈАН – 1, 18, 19
4. АРСОВСКИ БРАНКО -29
5. БЕЛИЧАНЕЦ ТИТО- 15,17,22,32
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР -15,28,51,34
7. ДИШТРОВА РАТКА -25,32
8. ЗИБЕРИ НАСЕР -8,18
9. ИВАНОВ ЉУБОСАВ -6
10. КЕЛЕШОВ РИСТО -6
11 КИРОВ ТАШКО - 9
12. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ -8
13. КРСТЕВСКИ ЗОРАН -29
14. МУРАТИ ЏЕЛАДИН -16
15. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР -10
16. ПАНОВСКИ МИХАИЛ -21
17. ПЕТЕОВСКИ ТИТО – 2, ( Платформа ), 11
13. ПРЕВАЛА ШАБАН -26
19. РАЈЧЕВСКИ БОЖО -5
20. РАМАДАНИ ИСМЕТ -19, 27
21. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ -5
22. СТАМЕНОВ РИСТО -11
23. СЕЛМАНИ НЕИМ -17
24. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 11,14
25. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛА - 16
26. ХАЛИЛИ МУХАМЕТ-14
27. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО -29


крај

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Осма седница -
(28 февруари 1991 година) 1. III. 1991 г. стр. 22

Седницата почна во 15,00 часот.

На седницата претседава Стојан Андов, претседател на Собранието на СРМ.

СТОЈАН АНДОВ: Пред да го утврдиме дневниот ред јас би предложил доколку има пратенички прашања предлагам на крајот од седницата да бидат поставени.

Дали се согласувате со таков приод? (Се согласуваат).

Преминуваме на утврдување на дневниот ред на Осмата седница на Собранието на СРМ.

Ние сме принудени, инаку вака не би работеле.

Ве известувам дека Комисијата за градежништво и урбанизам му предлага на Собранието да го одложи претресот по Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање со Предлог на закон, поради тоа што Комисијата констатира дека прашањата што се предмет на уредување на овој закон се од системски карактер и за истите е потребно поопстојно и поцелосно согледување.

Исто така, Законодавно - правната комисија предлага да се одложи расправата по законите од предложениот дневен ред, што ви беше доставен со решението за свикување на осмата седница, од причина што се работи за суштествени прашања од повеќе области, а Комисијата не успеала да ги разгледа.

Предлозите за одлагање на законите ги ставам на гласање

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака ).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден пратеник ).

Констатирам дека предлозите на Комисијата за градежништво и на Законодавно - правната комисија се усвоени.

Според тоа, за осмата седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог за изменување и дополнување на Платформата на Социјалистичка Република Македонија,

2.. Информација за некои актуелни прашања во врска со објавувањето на Извештајот на Стејт Департментот на САД за состојбата на човековите права во Грција, Бугарија и Албанија, како и во Југославија во 1990 година,

3. Предлог на одлука за прифаќање учество на Собранието на Социјалис - тичка Република Македонија во основањето Конференција на претседателите на советите на италијанските региони и собранијата на ЈУословенските републики за Јужен и Среден Јадран,

и

Избор на Делегација на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ,

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Предлагам една минута да почекаме да дојде претседателот на Републиката, бидејќи оваа материја фактички е значајна за неговото учество на утрешната седница на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Да почнеме, сега ќе дојде и претседателот.

Преминуваме на првата точка - Предлог за изменување и дополнување на Платформата на Социјалистичка Република Македонија за идното уредување на Југославија.

Интегралниот текст на Платформата што го утврди Комисијата за уставни прашања, а во кои измените и дополнувањата ви се дадени, ви е поделен.

Отворам претрес по Предлогот.

Му давам збор на господин Петковски, кој ја водеше работната група во Уставната комисија.

ТИТО ПЕТКОВСКИ: Почитувани пратеници, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 15 февруари 1991 година, усвојувајќи ја Информацијата на претседателот на Републиката за текот на разговорите за Иднината на Југославија и за ставовите што ги застапуваат претседателот на Републиката и членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ, заклучи Комисијата за уставни прашања на Собранието на СРМ да изврши одделни измени и дополнувања на Платформата на СРМ за идното уредување на Југославија што Собранието на СРМ ја утврди на седницата од 25 јануари 1991 година.

Потребата од измени и дополнувања на основниот текст на Платформата произлегува од дополнително презентираните елементи и новите покренати прашања на седниците на Претседателството на СФРЈ и во меѓусебните средби на раководствата на нашата и одделни републики во земјата.

Измените и дополнувањата се наметнаа како потреба и заради тоа што од донесувањето на Платформата до денес, на ниво на земјата и со билатерални средби покренати се нови иницијативи а одделни републики донесоа и акти со кои се прави обид за менување на досегашните нивни преговарачки позиции во договарањето. Поради тоа Платформата станува тесна рамка за водење натамошни разговори, што ја наложи и потребата за нејзино изменување и дополнување со одделни начелни ставови и определби.

Можноста за изменување и дополнување на Платформата произлегува од сознанието дека договарањето за идното уредување на односите во Југославија е процес, додека Платформата ги содржи само глобалните рамки кои треба да претставуваат само појдовна основа за разговорите и зависно од потребите може да се менува,проширува и дополнува.

Втората причина е што на последните разговори Македонија настапи со своја јасна концепција за надминување на политичката и државна криза во земјата.

Измените и дополнувањата на Платформата што ви се понудени за расправа на денешната седница на Собранието на СРМ се темелат на основните определби вградени во Декларацијата за сувереноста на СРМ и во Платформата, а тоа се определбите за: сувереност на македонската држава, како и правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување; политичкиот,стопанскиот и правниот систем на СРМ да се темелат на Уставот на СРМ и републичките закони и одлуките на Собранието со кои се изразува сувереноста на СРМ; во договарањето за иднината на Југославија да се тргнува од сувереноста на републиките како држави, а не од суверенитетот на народите; со идното уредување на меѓусебните односи во Југославија да не се доведуваат во прашање внатрешните граници во земјата, и определбата СРМ како суверена држава самостојно да одлучува за идните односи со државите на другите југословенски народи, во согласност со своите интереси.

Тргнувајќи од тие начелни ставови и определби, во Предлогот за изменување и дополнување на Платформата се нудат решенија кои овозможуваат да се дојде до становиште за она што е од заеднички интерес на сите републики, со почитување на специфичностите на секој учесник во договарањето. На тој начин сметам дека ќе се одбегнат сегашните состојби на исклучивост и конфронтација во поглед на облиците на идното уредување и ќе се создаде можност, не само да се согледаат разликите во гледиштата, туку и да се отвори простор за нивно надминување по мирен и демократски пат.

Во таа смисла, претседателот на Републиката и членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ во разговорите за новиот договор на југословенските републики за иднината на Југославија ќе се залагаат за Југославија како заедница на суверени, слободно и договорно здружени републики, организирани како правни и демократски држави. Здружени во една таква заедница, тие не го губат својот суверенитет иако дел од своите права и интереси ги остваруваат на ниво на Југославија. Сметам дека за Македонија е од интерес да живее во заедница со другите суверени југословенски држави затоа што на тој начин полесно ќе се вклучи во европските и светските. интеграции и процеси.

Во идната заедница на суверени републики, односно држави, Македонија ќе се залага да се остваруваат определени функции во областите на слободите и правата на човекот и граѓанинот,економските односи и пазарот, одбраната на земјата и меѓународните односи.

Отстапувањето од формулацијата во Платформата "Југословенска државна заедница" значи пред сé, спротивставување на тезата дека суверена е само Југославија како државна заедница, додека републиките се само територијални заедници. Тоа е фактички тезата за недефинираната "Модерна федерација", иако е сосема јасно дека според Уставот, сите југословенски републики биле третирани како држави со поделен суверенитет меѓу републиките и Федерацијата. Тезата дека републиките имаат сувереност, значи дека тие не се држави.

Врзувањето на суверенитетот само со народот логично го наметнува заклучокот дека границите  меѓи републиките се административни и менливи, доколку народот сам одлучи каде сака да живее.

За една југословенска заедница на суверени републики како држави, може врз основа на паритетен и консензуален договор, дел од суверенитетот за одделни функции да биде заеднички користен на ниво на Југославија. Ова пред сé од причина што сме свесни дека и покрај полн суверенитет, никој па ниту Македонија може да живее сама и објективно е принудена да живее во заедница во која постепено, некои свои права ги користи во заедница која одговара на државите кои се договорно здружени. Впрочем, објективен процес денес во Европа е она што е во интерес на сите заеднички и да се врши и постепено да доведе до повисок степен на интеграција во некој вид соединети европски држави. На тој начин сметам дека и ние ќе можеме постепено да се движиме кон европското обединување но се разбира во преговорите за идните односи во Југославија да влеземе во амбиции за зачувување на Југославија, за да не дојде до хаос со економски и тешки социјални последици, а со тоа да се отвори и еден макотрпен процес на меѓународното признавање на секоја југословенска  држава.

Што се однесува до човековите права и слободи, треба да го прифатиме се она што денес е најсовремено околу развојот, екологијата, социјалните права и слично и да се стремиме кон најсовремени решенија заради изградување на една европски ориентирана земја.

Во врска со макроекономската политика, треба да се тргне од апсурдноста на чинењето на постојните економски врски и воопшто човечките, културните и другите врски.

Ниту една земја денес во светот не се однесува кон платниот промет како крвоток на економијата, како одделни југословенски републики. Политичко и економско слепило и стеснувањето на пазарот во услови кога цивилизираниот свет ги употребува сите средства за негово проширување. Истото е и со царинските бариери меѓу републиките.

Просто се несфатливи иницијативите за сопствена валута на секоја република, бидејќи тоа нема никакво економско оправдување, па ниту политичко, доколку навистина и искрени се заложбите за единствен стопански простор и отворање кон европските процеси на здружување.

Што се однесува до одбраната и да е не поделиво гледиштето за постоење на еден дел на заеднички вооружени сили со заедничка команда изразени преку натамошното постоење на  ЈНА. Од друга страна, пак, желбата на одделни републики како држави да имаат и своја војска, може да се задоволи преку републичката територијална одбрана, но се разбира во случај на опасност однадвор тоа да бидат два дела на воените единици со определени интеграции и со заедничка (единствена) команда.

На планот на меѓународните односи, можни се решенија со двојно преставување, односно поделен суверенитет зависно од интересот на одделните републики како држави. Економските причини ќе не принудат да имаме заеднички амбасади и друг вид дипломатско-конзуларни претставништва.

.



Со овие измени и дополнувања на постојната Платформа сметам дека имаме една посамостојна и би рекол подобра преговарачка позиција за уредување на идните односи во земјата.

ЕШРЕФ АЛИУ: (ПДП) Почитуван претседателе, гости, пратеници, дами и господа. Излегов побуден од лична причина бидејќи една реченица не ми е доволно јасна. Инаку уште сега изјавувам дека овие дополнувања на Платформата ги прифаќам и мислам дека тие токму одат кон целта зошто се и направени. За да дојдат до реченицата ќе почнам од точка 1.

Во точка 1 се вели: "Македонија како суверена демократска држава ќе се залага за ширење -на слободите и правата на човекот и граѓанинот и за целосно вградување на меѓународниот корпус на слободите и правата на човекот и граѓанинот во Уставот на македонската држава". Тоа се е во ред, а сега, реченицата која следи се извинувам однапред, но мене не ми е јасна. Тие слободи и права можат да се ограничат само со еднакви слободи и права на другите Веднаш да кажам страв ми е или јас доволно од јазични причини не ја разбирам оваа реченица, да не асоцира таа на некој си реципроцитет. Во тоа ми е прашањето. Ако не нема што да додадам.

белешка.

БОЖО РАЈЧЕВСКИ : (СПМ) Имам една принципиелна забелешка.

Бидејќи знаеме што се случи во последно време со Хрватска, со паравоените единици, да се даде една дефиниција за односот меѓу ТО и ЈНА.

СТОЈАН АНДОВ: Не го утврдуваме тоа ние. Таму нека се разговара за оваа работа.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Почитувани пратеници, ние денес треба да расправаме за Платформата што ќе биде основа за реализацијата на Декларацијата за сувереноста на СРМ . Мое мислење е дека Декларацијата за сувереност е чисто промакедонска додека оваа платформа е пројугословенски ориентирана. Оттука сметам дека Платформата треба да биде во функција на остварувањето на Декларацијата. Ние денеска ја дополнуваме Платформата со две битни работи: нов модел, југословенска заедница на суверени држави и второ таа ќе се остварува низ четирите области наведени во Платформата. Ова всушност е текстот на .информацијата што претседателот Киро Глигоров веќе го застапувал, па на овој начин се сака да се верифицира неговиот став.

ВМРО е за југословенска конфедерација. Ако се тргне од тука се договараат и елементите на конфедерацијата, односно што се пренесува на конфедерацијата. Во основа се работи за четирите области.

Конфедерацијата обезбедува меѓународно признавање на Македонија со постоењето на Југославија и понатаму. Моделот што го нуди платформата е некоја новина по концептот на Европската заедница, но има разлика. Европската заедница ја сочинуваат меѓународно признати држави. Оттука, ако моделот на југословенската заедница на суверени држави може да ни обезбеди меѓународно признавање на Македонија, тој е прифатлив и за ВМРО. Без сопствено право на надворешната политика и национална армија не може да стане за

НП

некоја сувереност. Да бидам јасен, ако овој модел обезбедува меѓународно признавање на македонската држава, тоа е прифатливо и за ВМРО.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ: (СПМ) Јас ја поддржувам Платформата и мислам дека таа е нов квалитет од Платформата што ја имавме и која е усвоена и дава една многу поголема ширина и за разговори, меѓутоа, во втората точка би поставил и прашање и би предложил.

Мислам дека тука е изоставена една значајна компонента на која ние опстојувавме како Република и повеќе републики во оваа земја, а тоа е порамномерниот развој на народите во Југославија. Сега прашање е дали овде ние отстапуваме од овој концепт и мислиме дека сами како суверена држава понатаму ќе се развиваме и ќе имаме доволно сили да го следиме целокупниот развој на другите држави во Југославија, а тргнувајќи од тоа дека нема да имаме царински бариери, дека ќе имаме слободен проток на капитал итн., јас мислам, а тоа е случај и со многу земји во светот, па еве и Европската заедница со одредени мерки ја задржува политиката за развој на недоволно развиени земји и региони, со одредени мерки.

Јас би предложил ако нема други размислувања, после алинејата 3 да дојде една формулација која тоа би го регулирала.

РИСТО КЕЛЕШОВ: (Странка на Југословените). Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Платформата ја прифаќам и лично сметам дека е доволно проширена и нуди доволно јака позиција за продолжување на ЈУ разговорите на нашата Делегација.

Би поставил едно прашање до авторот на проширената Платформа во врска со точка 3, за одбрана на земјата. За да не ја читам целата точка 3, моите прашања се следни:

1. За односите меѓу заедничките вооружени сили и територијалната одбрана и нивната хиерархиска врска во мир.

2. Дали територијалната одбрана е единствено комплементарна формација на заедничките сили.

ПЕТАР ЃОРЃИЕВ: (СРСМ) Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас исто така размислував по прашањето кое го покрена пратеникот Иванов, прашањето за став 2 од точка 2. Посебно сметам дека и таму може да најде место прашањето што тој го покрена, а во кратко ќе образложам зошто се залагам таму да најде место прашањето што го покрена.

Сметам дека, доколку се уредат односите, ние ги знаеме досегашните последици од не уредувањето на таквите односи, во делот заедничкиот пазар и условите за слободно движење на стоки и капитал.

Прво, ние се уште не сме уредиле, додека не се разреши политичката криза, додека не се заврши реформата на стопанскиот систем и реалните услови, да разговараме за уредувањето на тие односи денес. Но, сметам дека со реализацијата на внатре наведените обврски ќе мораме односите меѓу републиките да ги уредиме така како што се уредени во светот. Оттука и мојот предлог посебно да не се потенцира развојот на републиките во Платформата, туку во разговорите сигурно мора да стане збор, а сметам и да не стане збор, мое

лично гледање, а сметам дека е така и во светот, а тоа е еден процес што се движи во светот, неразвиените секогаш да им се потребни на развиените. Без нив тие не можат да опстанат, но мора да се уредат Правилата на играта кои се познати во светската економија. Сметам дека сегашното уредување на односите со постоењето на Фондот на не развиените ја девалвиравме нашата состојба.

Во претстојните преговори и уредувањето на интересите на економските односи меѓу републиките, мора да биде неодминлива констатација за Фондот за неразвиените, посебно делот за здружување што беше дополнително уреден во односите со републиките, не ги даде саканите резултати. Со оваа констатација мораме да се согласиме и тие односи мора да се уредат на пазарна основа, што во став 2 од точката 2 посебно се набележани.

Стимулираше посебно продажба на производи, посебно опрема, тој фонд, на организациите здружувачи од развиените републики, од друга страна, стимулираше аналогно на тоа и програми што беа на хартија и никогаш не ги дадоа правните ефекти. Има доста примери за оваа моја констатација во нашата практика. Оттука се смета дека посебно потенцирање во Платформата не треба да стои, но при уредување на односите, при детализирање на односите во став 2 ние сигурно би ги истакнале нашите интереси затоа што во досегашното функционирање на тој фонд немаше доволно ефекти.

ИВАН ИВАНОВ: (СРСМ-ПДПСМ) Почитуван претседателе, почитувани пратеници, исто така, сметам дека со извршеното дополнување на Платформата практично се направени значајни квалитетни подобрувања кои овозможуваат од една страна еден подобар настап на нашите преговарачи, а од друга страна исто така можеби и една поблиска дефиниција на одредените прашања што се неминовни. Притоа, јас исто така оценувам дека овде се направени квалитативни разлики од нашите поранешни застапувања и ова овде што е содржано. Меѓутоа, исто така ова треба да биде еден појдовен документ во кој во глобала треба да бидат кажани нашите правци и ориентации во договарањата,а напоредно со дефинирањето на прашањата ќе треба да уследат сите овие прашања што од одделни колеги пратеници беа поставени, почнувајќи од субвенциите, па побрзиот развој или партиципацијата иако
мислам дека веќе зборувавме, не за единствен југословенски пазар, зборуваме за заеднички пазар, мислам дека таа се сосема два различни квалитети. Од тие причини се залагам да не се уморуваме сега многу со некои поблиски дефинирања на овие прашања, добро е овде што е насочено дека по целокупната оваа работа, ќе бидат формирани стручни тимови како од пратениците, така и од кадарот што постои во Републиката и на овие прашања понатаму активно да се работи и во секое време, и во преговарањата и во изнаоѓањето одделни решенија соодветно да се партиципира.

Јас сакам да забележам само две работи.

Во делот на ТО и командата во едниот случај тоа значи и нејзина интегрираност, овде принципиелно како појдовно добро е речено и добро би било ако тоа биде и пошироко поддржано на ниво на другите републики, меѓутоа, сепак тој дел можеби создава извесни двојбености во толкувањето.
НП

Второ,чисто заради редот на зборовите, во делот на точката 4, таму каде што се зборува за застапеноста на нашите кадри во ДКП редот на зборовите треба да биде обратен. Прво да стои дека се залагаме за паритетна законска застапеност, а после да дојде другиот дел за соодветно преставување на нашите кадри на подрачјата каде што Македонија има посебен интерес.

НАСЕР ЗИБЕРИ: (ПДП) Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во текстот понуден од работната група на втората страница третиот пасус каде што се вели: "во однос на веќе понудените модели за обликот на идното уредување на Југославија за Македонија се прифатливи само оние решенија кои овозможуваат стабилен, економски, политички, национален, културен и цивилизациски развој на сите народи кои живеат во Југославија". Според мене овој пасус е неиздржлив, нецелосен и неконзистентен. Зошто? Каде се тука народностите и зошто тие се игнорираат.

Мој предлог е на овој текст ваков каков што е после да стои: зборовите "културен и цивилизациски развој на сите народи и народности кои живеат во Југославија", со ова и текстот и Платформата нема ништо да изгуби.

Второ, овде во понудениот текст не го најдов, меѓутоа, вчера во работата на Комисијата во текстот што ни беше понуден како анекс и сега од излагањето на господинот Петковски единственото образложение за определбата на Македонија за Југославија стои како што слушнав зошто е и интерес на Македонија, затоа што преку Југославија се влегува во Европа. Мислам дека ваквото образложение не е целосно и треба да се поткрепи со појаки аргументи тоа што ако веќе се определуваме за Југославија, тогаш тука може да стои и аргументот затоа што, моментално процесите во Европа и светот одат кон интеграција или се определуваме за Југославија за порационално вршење на некои заеднички интереси кои можат порационално да се вршат или да се најдат други аргументи така што се поткрепи таа наша определба.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Имам една мала забелешка, нормално доколку се прифати.

Се работи на втората страница во првата точка е добро кажано: "Македонија како суверена демократска држава....", за сите суверени републики". Предлагам да стои "на сите суверени држави".

Понатаму во точката 3 "одбраната на земјата треба да биде заедничка функција на суверените држави..." и најдолу на третата страница исто така, "територијалната одбрана во услови на војна" претставува составен дел на заедничките вооружени сили и се потчинува на заедничката команда, а во услови на мир раководењето и командувањето е функција на претседателите на суверените држави, односно претседателите на суверени држави", мислам да нема една двојбеност, на почетокот сме кажале дека сме суверена држава и тоа треба да продолжи во текстот, да нема забуна.

Благодарам, но ако имате спротивни мислења, повелете.

ТАШКО КИРОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Господин претседателе, дами и господа, пред еден месец сите заеднички едногласно ја донесовме Декларацијата за сувереноста на Македонија, се со цел, тогаш не беше избран претседателот на Републиката, на нашите претставници да им ја олесниме работата во преговорите за судбината на Југославија.

Независно кој ќе биде претставник од наша страна целта беше да се донесе оваа декларација како појдовна точка за еден наш независен став во тие преговори. Денеска ако ја усвоиме Платформата, мислам како ново Собрание, како парламент паѓаме на повеќе аспекти во позитивна или негативна смисла. Еве зошто конкретно мислам. Ако носиме Декларација пред еден месец, а сега по мое мислење, подоцна во кратки црти ќе образложам зошто мислам дека Платформата е надвор од границата на Декларацијата, ние автоматски продолжуваме по старо како што се работеше 45 години. Зошто? Досегашниот систем не страдаше од статути, декларации, разновидни прогласи, страдаше од не придржување кон истите. Ако денеска донесеме Платформа која не е во рамките на Декларацијата, продолжуваме по истиот пат. Тоа е едниот аспект на гледање.

Друго е конкретно мислам дека оваа Платформа, не сакам да ми биде замерено, но главно ги содржи еднопартиските гледања. Ако не можеби одредено фракциско гледано од една партија. Не сум убеден бидејќи е целосна рамка на гледање на една партија.

Прво, да појдеме конкретно од четирите определби. Како прва точка во тие наши ставови и тие определби се изнесува заштитата и гаранцијата на човековите права за.. заедничко дефинирање на ниво на југословенската држава. Би рекол, наместо да донесуваме вакви магливи ставови, крајно време е да се освестиме и да донесуваме поконкретни одлуки. Еве на што мислам. Конкретно ќе го спомнам Прохор Пчински. Какво право ќе оствaруваме, на кој оптимизам, на кое искуство ако еден народ не може да го оствари своето право на својата државност. Едноставно немавме право таа државност да ја изразиме и свечено ја славиме. За кој оптимизам ќе се залагаме за еден наш став и определба. Тоа е моето гледиште дека конкретно треба да се изјасниме, а не во некоја маглива форма.

Што се однесува до следното економско прашање, нормално се подразбира нема рамки каде што економијата може да се затвори ниту во македонски, ниту во југословенски ниту во светски рамки. Ако имаше луѓе на месечината Американците и таму ќе го однесоа капиталот. Тоа треба да ни е јасно. Не можеме да заземеме став дека се затвораме во границите, дали се тоа југословенски или македонски, тоа само по себе ќе дојде. Наше е таа економска клетка да успееме да формираме наша македонска влада, а зависно од која гранка дали е од одредена област или друга сама ќе си се пробива и ќе наоѓа соработници и во Југославија и надвор од Југославија. Токму заради тоа мислам дека ова е маглив став, не е доволно јасен особено ако знаеме дека во југословенски рамки нашето македонско стопанство до каде е дојдено, мислам тој оптимизам е преголем. Ние пак се затвораме во некои досегашни рамки.

Во врска со ЈНА и тука сакам да ги гледаме работите од економски аспект. Фактички се сé врти околу тоа. Се согласувам со тоа што Љубосав Иванов на претходниот Парламент го изнесе својот став, а тогаш беше на дневен ред и Студенчица да поаѓаме од економски аспект и така најлесно ќе го разрешиме проблемот. Токму и за ЈНА зашто таа е најтесно поврзана со воената технологија, со мирнодобските цели. Досегашното искуство кажува дека и тука на некој начин Македонија била во одредена улога. Факт е дека во Македонија нема ни една воена фабрика. Дали е случајно, јас пак. ќе речам, сите овие точки треба да подлежат на конкретна анализа и затоа велам ваму се произнесуваме за некои цели, а конкретно не ни е разјаснето што губиме, а што добиваме. Сега се повикувам на досегашното искуство и состојба во оваа Југославија.

Последното беше околу меѓународната политика. Дали го градиме на тоа што еве донесовме на југословенски рамки да имаме реципроцитет со Република Грција. А што се случи на Димитровград знаеме. Колку економски губиме. Дали имаме сметка за тоа. И да нема се знае дека губиме. Јавните гласила секојдневно го трубат, ние го слушаме. Навистина кога се залагаме за овие аспекти треба целосно да размислиме од досегашното искуство и анализа, а досегашната анализа не ни дава за некаков оптимизам да се залагаме изрично за нашите ставови.

Сакам да кажам уште тоа дали давајќи конкретно, односно изјаснувајќи се до одредени области
просторот на нашите претставници за дејствување и разговори затоа што сепак ако сите едногласно гласавме за нашиот претседател кој сите го цениме, имаме добар претставник и во Претседателството сепак мислам доволно можат да се снајдат и да појдат од таа Декларација што ја усвоивме. Не мора да им кажуваме конкретности дали кога ќе појдат во Белград ќе се обраќаат кон некого господине или другар, малку вулгаризирам, но ова на некој начин е тоа ние ги насочуваме и ограничуваме кон нешто, а нема зошто. Јасно и гласно е во Декларацијата дека секој нивен став таму ќе го цениме дали е застапен преку таа Декларација. Јас мислам дека воопшто не треба ваква Платформа да донесуваме.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ: (СКМ-ПДП) Почитуван претседателе,почитувани пратеници, веднаш би сакал да го кажам своето мислење во врска со Платформата и на почетокот би рекол дека во целост ја прифаќам со ситни корекции што беа спомнати и во досегашната дискусија *од* некои другари. Но, веднаш да кажам дека сум апсолутно против во оваа платформа да бидат застапени гледиштата на политичките партии во однос на моделот на идното уредување на Југославија Да не заборавиме дека само пред три дена овде водевме материјална расправа за суштинските определби за настапот, односно кои ќе бидат вградени во Платформата за разговорите за идното уредување на Југославија, односно овластуваше на нашиот преговарачки тим на чело со претседателот на Републиката.

Според тоа, мислам дека немаме никаква причина дотолку повеќе, ако добро се сеќавате, ние тоа излагање на претседателот на Републиката со акламација го прифативме.

Не знам што е сега повторно ги враќаме работите назад и повторно да отвораме материјална расправа за некои суштински определби доколку знаеме дека внимателно се прочита текстот на Платформата тука некои работи само се допрецизирани и деконкретизирани врз основа на оние клучни определби кои беа присутни и експлицитните и имплицитните во излагањето на претседателот на Републиката што овде целосно го прифативме. Затоа ми се поставува прашање што е целта повторно да одиме назад. Доколку има навистина потреби за прецизирање да расправаме за тоа, но не сум за тоа да отвориме повторно расправа за оние работи за кои претходно сме се договориле. Молам тоа да го имаме предвид при расправата и по други прашања а не само за ова.

РИСТО СТЕМЕНОВ: (Странка на Југословените) Јас имам намера да го кажам она што претходниот дискутант го кажа дека ние пред три дена овде прифативме на нашиот ценет претседател на Републиката дека добро преговара во Белград и се согласивме да продолжи така да преговара. Затоа оваа платформа е рамка за преговори, а не за нешто друго. Според тоа, сметам дека таква дискусија не ни е потребна и предлагам онака како што е предложено во Платформата да се прифати и да завршиме со таа работа и да му посакаме на претседателот со среќа да оди да преговара и да ги штити нашите интереси горе, а не ние да го разочараме да не може да оди туку со тежок товар да го пуштиме горе да преговара. Молам тоа да го имаме предвид.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:, (ВМРО-ДПМНЕ) Дами и господа, исто како нашиот пратеник од ВМРО, Ѓорѓи Котевски и јас имам забелешка на ова сојуз на суверени држави или републики . Ако го знаеме ставот на Б и Х е сојуз на суверени републики. Републики и држави сепак има разлика. Затоа треба да бидеме јасни и мислам ставот на претседателот е сојуз на суверени држави, односно југословенска заедница, малку се разликува нашиот став од Словенија и Хрватска, но тоа е тоа. затоа предлагам секаде каде што стои во Платформата "републики" исто како и господинот Котевски да стои држави.

Имам уште една забелешка на третата страница точка 3 "раководењето и командувањето со заедничките вооружени сили се обезбедува преку воспоставување на заедничка команда". Тука би додал "со задолжителна паритетна застапеност *со* свои кадри од сите држави", ако може тоа да се усвои.

ТИТО ПЕТКОВСКИ: (СКМ-ПДП) Сосема накусо неколку коментари. Најпрвин да кажам и да го потсетам господинот Томе Стефковски дека ние на Уставната комисија околу овој текст на Платформата бевме едногласни, а тој и господинот Стојановски се членови на Комисијата. Тогаш дури имаше сугестија од нивна страна да не се ограничуваат и претседателот на Републиката ни членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ во своите преговарачки настапи билатерални или на Претседателството, туку појдовна основа, како што и овде беше речено, да биде Декларацијата што апсолутно овде кореспондира и Платформата што ја усвоивме во јануари. Не отстапуваме од тоа сите четири подрачја, односно овие минимум функции за една заедничка држава што треба да ги има во овие области само малку ги доразработува

Ако се сеќавате и во старата Платформа таксативно се наброени вака како што тука стојат во сферата на човечките права и слободи, макроекономијата, народната одбрана и надворешната политика. Ништо не отстапуваме од Декларацијата и Платформата едноставно станува допрецизирање, а во уводот малку елаборирав што значи оној став заедница на суверени држави што сега сакаме да го застапуваме. Тука е основниот акцент за она што ценевме дека треба да има измени во оваа платформа.

Второ, ВМРО се застапува за конфедеративен статус на југословенската заедница и во тие рамки обезбедувањето на меѓународен правен статус на републиките, односно државите. Морам да признам дека малку ми е познато денеска во светот конфедеративни заедници чии членки имаат признато меѓународен правен статус, тоа е процес кој трае многу години, земете ја Швајцарија и САД и други конфедерации. Според тоа, признавањето на меѓународно -правниот статус е најтешкиот проблем. Само да ве потсетам тука е и ова валирање меѓу опциите и на другите републики во Југославија. Прва определба на Словенија и Хрватска беше отцепување. Видоа дека со отцепувањето фактички наследник на тој меѓународен правен легитимитет заедницата што останува, односно државите и републиките што остануваат со тоа име и дека тој процес е макотрпен и трае десетина години и повеќе, а за тоа треба признавање, прво од соседите па од Меѓународната заедница, Обединетите нации. Не е тоа процес што може набрзина да се заврши и затоа излегоа со тезата со предлогот за раздружување, бидејќи за раздружување треба договор, спогодба за отстапување и истапување од една заедница што ќе ја поддржат сите и тогаш меѓународно -правниот легитимитет го наследуваат сите членки. Тоа е и потпорна точка во борбата на овие две републики во врска со идните односи во Југославија.

Според тоа, не е овде спорно кога говориме за меѓународно -правниот статус и легитимитет на Македонија дека тоа е процес и легитимитет на Македонија дека тоа е процес кој ќе трае, а дел од овие функции коишто не се спорни Македонија е апсолутно заинтересирана. На пример во земјите во дијаспората каде што има концентрација на македонско население, каде што ги има во соседните земји засега не нé признаваат, имаме право да имаме свои дипломатски и конзуларни претставници, а се разбира во многу земји ќе имаме, тоа е каде што има Хрватска, Словенија и другите републики, Србија, како држави по пат на договор и тој интерес ќе се респектира. Тоа е специфичен интерес на сите републики како држави што ја сочинуваат Југославија.

Околу поимот држава - република, јас колку што се сеќавам и република буквално значи држава. Според тоа, терминолошко нека биде и држава не пречи ништо. Јас го употребив во своето ! излагање и немам ништо против и во Платформата да стои и реков република организирана како држава. Не смета и во нашата Платформа поимот секаде каде што стои република, бидејќи ние се залагаме, тоа е целта на промената. Југославија како заедница на суверени држави. Затоа логично не пречи оваа заложба да биде секаде и во текстот употребена. Господинот Келешов околу одбраната, во Платформата е прецизно кажано зошто се залагаме. Ние сакаме да имаме на ниво на Југославија заедничка, односно единствена одбранбена формација во случај на напад од надвор, со единствена команда за заедничка или единствена команда.

Дали тоа, како што рече овде Стојков ќе биде на паритетна основа, тоа е прашање кое од многу елементи и параметри зависи. Но отвораме процес да може да се разговара за тој проблем. Територијалната одбрана и единствената Југословенска народна армија би биле единствен систем на вооружени сили во случај на напад на земјата од надвор. А во случај на мир ние тоа ќе го разработиме со Уставот. Функцијата на територијалната одбрана веројатно како што стои сега во овие устави на републиките што ги донесоа спаѓа во надлежност на претседателот, односно на Претседателството/ веројатно со нашиот устав тоа ќе биде уредено.

Ние сега апсолутно разговаравме за многу варијантни решенија, сакаме да разговараме и да се договориме. И она што ќе биде како појдовна основа по мирен и демократски пат да дојде разврската на југословенската криза, така приоѓаме и со сите овие прашање. Веројатно дека ќе се појават многу и прашања и дилеми, јас сега верувам ќе излезат *со* други ставови. Вчера имавме можност да видиме на една трибина во Сплит Стипе Месич говори дека веќе е политичко слепило ако некој се залага за отцепување од Југославија, свесен за сите последици, меѓународно -правни и економски итн. Јас не знам кои републики со кои се ставови на новите договори ќе дојдат. Ние треба да оставиме простор за овие принципи да може да се разговара околу уредувањето на идните односи во Федерацијата, околу заедницата, за Федерација веројатно нема шанси. Мислам на пратениците Иванов и Ѓорѓиев, не е тоа спорно, веројатно претседателот и членот на Претседателството сите тие елементи ги имаат предвид во разговорите, едноставно изразија поддршка само околу единствениот пазар итн. Сите тие фактички се инструменти на тој единствен пазар. И подобрување на текстот апсолутно мислам дека е прифатливо.

Господинот Зибери предложи овде во текстот каде што стои народите, да стои "народностите". Тоа е фактички текст од старата Платформа и ние тоа го усвоивме на ова Собрание. Сегашната формулација на Уставот за категорија на малцинство стои како што го рече господинот Зибери "народности". Меѓутоа, работа е на ова Собрание дали ќе се реши да се измени текстот што веќе го дефинираме и го усвоивме на јануарската седница на ова Собрание.

Понатаму, забелешката околу моето уводно излагање ка преку Југославија полесно сметаме дека можеме да се "вклучиме во европските интеграциони процеси. Го реков од едноставна причина што ние веќе имаме една заедница која веќе функционира. Аналогно на тона што и другите европски земји формираат заедници и ги интегрираат,прават и монетарна и царинска унија, доаѓаат до еден поблизок, поинтегрален облик на држава, па дури блиско е времето кога ќе дојде до можеби единствена европска држава. Токму заради тие причини мислам ако ја имаме постојнава заедница да ја дотеруваме врз основа што одговара на сите држави, суверени држави, односно републики сега веќе сите трансформирани во суверени држави.

Патем да кажам дека и досегашната уставна регулатива не беше далеку од овој поим дека и републиките, особено во Уставот од 1974 година, по мое длабоко уверување, конституира конфедеративен систем во Југославија и така функционираше, не како федерација туку како конфедерација.

Поради тоа што сметам дека нема потреба да рушиме нешто што сме го создале, а не е императив, се согласувам со господинот Зибери дека единствен услов е Југославија. Јас тоа не го ни реков. Реков дека е подобро и полесно преку оваа заедница што ја имаме, а веројатно треба да имаме чувство за огласите што ги добиваме од странство. Дека сепак многу почесто се прифаќа југословенската заедница онака како што ние ќе ја договориме, интерес на сите суверени држави, отколку да се прават сега феуди кои на овој или на оној начин можат да ја прекројуваат картата. И пред се, заради тоа што веќе имаме создаден единствен пазар што е економски интерес со кој тежнее секоја држава и сака да го прошири тој стопански простор, а не да го стесни. Не инсистирам на она дека е единствен услов преку Југославија. Колку што се сеќавам тоа се тие.

СТОЈАН АНДОВ: Ешреф Алију овде предложи да се избрише онаа реченица.

ТИТО ПЕТКОВСКИ: А, се согласувам, апсолутно, мислам дека е добро и декларативно тоа е филозофска мисла уште од грчките мислители, филозофи.

МУХАМЕТ ХАЛИЛИ: (ПДП) Прво, ако сакаме претседателот во тие разговори да ги претстави сите граѓани на Македонија мора повторно да се вратиме на оваа формулација во однос на решенијата кои се прифатливи само тие решенија кои овозможуваат стабилен, економски, политички, национален, културен и цивилизациски развој на сите народи кои живеат во Југославија. Ние инсистираме да се додаде и синтагмата "народностите", бидејќи оваа теорија на сите народи, тоа се знае е теорија на Јовиќ. Тој признава прво за иднината на Југославија да поразговараат само народите. Ова би имало реперкусии и врз Македонија, бидејќи во случај господин Јовиќ и господин Милошевиќ да не прифатат да се води разговор во однос на суверени републики,на што ние инсистираме, а тој да инсистира на суверени народи, тогаш тој би додал дека и Македонците, со оглед на бројот, не би имале можност да разговараат за иднината на Југославија. Бидејќи живееме во една иста заедница, инсистираме на ова.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Мала реплика. И република и држава не е исто. Република е еден вид државно уредувате. Државата може да биде и монархија колку што знам.

СТОЈАН АНДОВ: Вие не се разидувате околу тоа, дали сакаме република или монархија (општо смеење).

Да видиме како да ги привршуваме работите ако може. Еве да појдеме од тоа дека ние во јануари донесовме Платформа. Оценивме дека треба и ја донесовме. Пред два дена овде ја ислушавме информацијата што ни ја даде претседателство на Републиката и ве молам едногласно со аплауз ја усвоивме. Од таа информација произлезе дека нашата платформа треба нешто да се дополни и строго се држеле овие луѓе што работеа на дополнувањето токму на таа платформа. Тоа беше предмет на расправа на работната група,а потоа и на Уставната комисија и Уставната комисија утврди текст едногласно. Сега јас се сложувам да одиме по амандмани на ова овде што се зборуваше, меѓутоа, вака течеа работите. Првиот амандман се однесува на она што не го гледала Комисијата како дополнување и кое не произлегува од информацијата што ја даде претседателот на

Републиката, туку е еден впечаток дали е добар текстот од порано, во јануари што го усвоивме. Сите тогаш го усвоивме овде. Бидејќи господин Халили и господин Зибери тој предлог го дадоа, јас би го дал на гласање. Тоа е прв амандман.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ: Кон текстот во кој е употребен поимот "народи" имплицира на државност, а во Југославија се знае дека само народите создале држава. Босна и Херцеговина се разбира е создадена од три народи. Таков е контекстот на употребата на реченица, та и што не подразбира секако и не сакам да кажам дека во државите што ги создале одредени југословенски народи, народностите не ги уживаат слободите, правата и сите овде што се карактеристики. А инаку, околу оваа категорија република - држава, неспорно е дека во амандманот 56 Македонија е дефинирана како држава, национална држава, така што поимот република - држава во уставно -правна смисла е синоним, бидејќи е дефинирана како држава. Така што може да стои и држава.

ПРЕТСТАВНИК ОД ПДП: Почитувани колеги и пратеници, не би се согласил со сегашното излагање на потпретседателот на Извршниот совет кога го имаме предвид дека Уставот на СФРЈ од 1974 година уште е во сила ако ние разговараме дека Југославија постои, што јас би рекол дека правно не постои, фактички дека постои, економскиот систем како што и во претходната точка разбравме мислам дека скоро е уништен, не се почитува, трпи само сиромашниот и изгледа дека Извршниот совет на Собранието на Македонија треба да сноси одговорност за спроведување на таквите одлуки кои директно ја погодиле на штета нашата работничка класа. Според тоа, ако ние, на пример разговараме за иднината на Југославија, не може, а да не се има предвид фактот дека за иднината на Југославија треба да разговараат и Албанците преку нивните претставници, односно двете покраини, Војводина и Косово, зашто се и тие конститутивни делови на сегашната Федерација, ако таква постои. Тоа е едно.

Второ, сега доаѓа како овој Парламент, односно ова Собрание да прифаќа да разговара само со Србија како држава со тоа што двете покраини се фрлаат. Нема разрешување на политичката криза на Југославија без учество и на Албанците во тие разговори.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДП) Јас излегов најмногу од причина што на секоја седница кога во близина е дискусијата околу националното ни се подметнуваат работи и се смета на умор или на повторување, на крај ќе се заморимe и нема да реагираме. Сметам дека се лажат оние кои мислат дека може таква тактика да успее. Би замолил и процедурално да биде дозволено да не се излегува за да не се одзема од времето да може од место да се смета сосема во ред, да се изразува револт кога во нешто не се сложуваме на тој начин да се види дека забележуваме за што се работи. Тоа е едната работа.
Суштински сакам ова да го кажам дека во потполност поддржувам и се залагам лично и во името на Партијата каде што припаѓам и познавајќи го мислењето на граѓаните со кои сум разговарал и ги претставувам како пратеник, дека не треба да се направи никаква отстапка во поглед на оваа реченица каде што пишува "народи" и толку. Бидејќи ние зборуваме за идна југословенска држава,

идно уредување каде што ни Уставот нема да биде истиот. Тоа "народности" може малку да се употребува, заради тоа што навистина Уставот сега го дава, но тоа нема да важи за иднината, а ќе зборуваме во иднина за малцинства и ќе зборуваме држави и оние што се носители на државноста.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ: Почитувани пратеници ми се чини дека дискусијата се свртува на некој друг колосек. Само заради зборот, односно додавањето на зборот "народности". Би се сложиле ако не се додава тој збор и ако сега егзистира практично постои, и дали ќе зборуваме во иднина за народности, за народ или за нација, за национални малцинства или за лингвистички групи, етнички групи, тоа е друго прашање. Ќе зборуваме тогаш кога ќе дојде на ред. Сегашната состојба е таква што оправдано реагираат пратениците дека треба да се додаде и тој збор. Инаку, ако не се додаде тој збор, практично не ја признаваме или не ја прифаќаме Македонија со целосниот колорит што го има, а малцинствата, со националностите кои живеат во неа.

Затоа и предлагам да се прифати за Македонија, бидејќи самиот збор за Македонија се прифатливи само оние решенија кои овозможуваат стабилен, економски, политички, национален, културен и цивилизациски развој на сите. Тоа еко не се прифаќа, тоа значи дека за националностите кои живеат во неа, народности да ги наречеме сега со постојниот Устав, Албанци, Турци, Роми итн., не треба да се обезбедува ни културен, ни цивилизациски, ни економски, ни стабилен политички, национален развој. Значи, автоматски се негира постоењето на тие националности кои живеат овде.

СТОЈАН АНДОВ: Има збор Томе Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Јас ќе го речам и три пати ги реков на Комисијата. Ние ислушавме извештај на претседателот за текот на разговорите. И одеднаш произлезе дека треба да правиме и проширување на Платформата. Платформата е една, таа е донесена и постојат широки овластувања. Зошто сега инсистираме и правиме помали рамки и ограничувања на преговорите. Оваа последна за која стана збор, дали треба да стои само народи или да се допишува нешто. Ние овде не донесуваме ништо ново, ова е интегралниот текст на веќе усвоената Платформа. Значи треба да заклучиме дали ќе одиме на тоа. Извештајот претседателот по Уставот е должен да го даде на Собранието, да го претвориме во платформа, а со тоа да го менуваме текстот на веќе усвоената платформа или ќе добиеме сознанија, и дали ќе ги одобриме или не, тоа е наше право, на Парламентот. А ако вака работиме, по мое длабоко уверуваше, претседателот повеќе не ќе има право на одговорност, затоа што едно негово известување на Парламентот, доаѓа до него Платформа ; што го прифаќа како платформа, како акт и од тој момент за него одговорност престанува. За да остане одговорноста на секого како човек, сметам дека повеќе потреба нема, а во Комисијата се договорија овие четири точки да останат, така да бидат и да не ни биде во иднина ова правило, разговорите да ги претвораме во политички платформи.

СТОЈАН АНДОВ: Дали уште некој бара збор?

НЕИМ СЕЛМАНИ: (ПДП) Почитувани пратеници, дами и господа, јас не сакав да земам учество, поради тоа што многу дискутанти зедоа но ме иритира толкувањето на другарот Беличанец. Тој на пример ја зеде само Босна, дека таа има таков устав и такво републичко уредување што сите народи се учесници на таа државност. Во Босна над 43% се Муслимани, над 30% се Срби и околу 17 или 18% се Хрвати. Во конкретниот случај, во оваа наша мултинационална заедница Албанци има над 20%, и како при толкување на закони и права се употребуваат различни аршини.

СТОЈАН АНДОВ: Бара збор г. Беличанец.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ: Кога учествувам во расправата или други членови на Извршниот совет во ова Собрание, по правило, обидуваме нашите интервенции да бидат само во рамките на уставот и законот и како што забележувате и заради нашиот специфичен уставен статус и не навлегуваме во арбитрирањето, не учествуваме во одредени различити политички идеи и опции. Меѓутоа, треба да се верува кога учествуваме и кога укажуваме и го имаме предвид последниот уставен поредок. Според член 1 на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија стои дека е тоа сојузна држава, како државна заедница на доброволно обединети народи и на нивните социјалистички републики. Ви се молам, и потоа стои за социјалистички покраини и Косово дека се во состав на Социјалистичка Република Србија. Мојата интенција немаат намера да развие ниту друга теорија, ниту друга идеја која може да постои како политичка опција, но денес важечкиот Устав на Југославија е овој. И сакам да кажам дека не го доведуваме во прашање овој член. Според .тоа јасен е нашиот став и за одредени состојби во други републики. И би молел и во иднина, денеска имало неколку екцеси на одбори, да не се користат, да не се атакува на Извршниот совет за неговата досегашна активност. Имаше Собрание, поднесе свој извештај, а за работата во овој состав, спремен е да се сноси целосна одговорност. Денеска дошло до немили сцени еден член на Извршниот совет поднесе и оставка, заради грубите навреди, кои еве и денеска овде, на јавна сцена се изрекуваат спрема одделни членови на Извршниот совет.

СТОЈАН АНДОВ: Ако може......., ајде, бара збор господинот Абди Фаик.

АБДИ ФАИК: (ПЦЕР) Морам да признам- дека не овде што се сака и што се бара. Јас имам свое гледиште за лема просто проширена седница на крајот. Во однос на тоа што се поведувам по некои, треба да предложам и заеднички групи. Меѓутоа, јас сакам не го гледам тоа така. Во однос на некои споменати модели за обликот на идното уредување на Југославија, во Македонија се прифатливи оние решенија кои му овозможуваат стабилен, економски, политички, национален, културен и цивилизациски развој на сите народи кои живеат во Југославија. Јас се сметам за народ кој живее во Југославија. Зарем може оваа Југославија и оваа Македонија да има обртни импликации, да не се стабилни кои не се само Македонци, да не се економисти, да не се политички по националност, односно културниот идентитет итн. Зар може оваа држава да води политика на стратегија. Во никој случај не можам да се сомневам во тоа. Заради тоа себеси како Ром, како Роми, како етничка група се наоѓаме во

НД

термин народи на Југославија. Не сум правник, не знам, како да толкувам поинаку, меѓутоа мислам дека тоа така треба да се прифати -народи на Југославија. Зар може некој да не уназадува, заради тоа што не сме Македонци, или што не сме Срби, или што не сме што било што? Тоа ниту може, ниту смее.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам дајте овде многу се задржавме. Не, не ќе гласаме. Само да се договориме ако можеме без еден вкус на прегласување. Мислам дека не е реален тој проблем. Треба да го разјасниме, дали тој проблем тука постои. Овде се зборува, ви се молам, за понудените модели, за решение за тие модели итн. За моделите разговаравме, ние овде се_договоривме, суверените републики. А дали Албанците се вклучени во тие разговори, па како не се вклучени, заедно ја донесовме Декларацијата, заедно и Платформата ја донесовме. Албанците во Македонија се вклучени во ставот што Социјалистичка Република Македонија го застапува. Албанците во Србија ќе си бидат вклучени таму и тие таму треба да се изберат како ќе бидат вклучени. Овде нашите Албанци учествуваат во тоа. И никој не им го оспори тоа право. Земавте збор по секоја точка. Ова е значи за моделите и за моделите тргнува социјалистичката република да разговара и за моделите рековме тие суверени држави меѓу себе договараат, и никој натаму. А внатре, ставот наш каков ќе биде, ќе го договараме така како што сме сите овде. Тоа е друго прашање. Тоа не е ова. Затоа ве молам да немате вкус на гласање и прегласување. Еве го апсолвираме ова, особено што овој дел бара и една стручна расправа. За ова ако нешто мислите дека тука има нешто нов, да го упатиме и тоа на комисија, во следната прилика кога ќе" менуваме, дополнуваме повторно во Платформата, да биде земено предвид, да биде разгледано, да се проучи итн. Инаку сега, јас ви кажав, тоа е што ја менуваме Платформата, но ја менуваме само врз основа на она што го усвоивме по Информацијата што беше дадена од претседателот. Ова е сега надвор од тие рамки.
Дали може вака?

Господин Зибери бара повторно збор.

НАСЕР ЗИБЕРИ: (ПДП) Јас не знам зашто вака се интерпретира. Меѓутоа, јасно е дека кога се зборува за обликот на идното уредување ништо не е спорно. Меѓутоа, тоа што го велите вие господине претседателе дека внатре во тој облик уреден, како ќе се одлучиме, за тој внатрешен облик на уредувањето - Македонија ќе се залага за рамноправност, за сите овие атрибути што овде имаме национален, културен, цивилизациски развој, на сите народи и народности. Ние овдека не зборуваме за обликот и не е спорно субјективитетот на учесникот во уредувањето на тој облик, туку Македонија која ќе се уредува така како што ќе се уредува, се залага, меѓу другото, и за развојот, покрај народите и народностите. Не знам дали ова може да биде спорно.

СТОЈАН АНДОВ: Не се разбираме. Ние не зборуваме за тоа како ќе се уредува Македонија. Кога ќе зборуваме за тоа, како Македонија ќе се уредува, овде ќе се договориме, во оваа сала, за устав, ако треба плебисцит ќе правиме. Така да не е добро сега. Ве молам немојте, да бидеме внимателни. Му сугерирам на господинот Зибери, ако инсистира ова да се разјасни,

да го пуштиме да се разјасни до следното разгледување на Платформата, доколку дојде во развојот на нашите разговори, да го пуштиме и стручно да биде проценето, да не се заплеткаме сега во наши стручни процеси. Очигледно е ова надвор од рамките што ги договоривме за измена. Ние договоривме измена врз основа на Информацијата и тие се упатени во оние 4 точки. Дали може така?

ГЛАСОВИ: (Може).

СТОЈАН АНДОВ: Може, добро, благодарам.

(Од место гласови на реакции).

Во што е работата, одново ли треба сега?

ИСМЕТ РАМАДАНИ:(ПДП) Господине претседателе, јас се согласувам и со сугестијата на претседателот, меѓутоа зошто одеднаш се создава една ваква нервоза, кога веќе пратеникот господинот Зибери бараше само да се додаде уште "народностите", а одеднаш, сега сакам да му реплицирам на господинот Голубовски, тој упорно *со* неговите дискусии, верувајте дека толку води една рестриктивна политика и создава нервоза со неговите дискусии. Постојано се заканува и упорно не става во една погрешна и неуставна конотација, малцинство, па дури и во последно време, тоа го слушаат секојдневно веќе шиптарското малцинство итн. Па, и ние сме луѓе веќе, не навредува. Просто не навредува како луѓе. И ве молам сега и кога употребуваат другите, господине претседателе, ако употребуваат неуставна категорија, неуставна конотација, треба да се внимава малку и на тоа, да им се рече. Не можам затоа што тоа создава нервоза, имаме директни преноси, и како сега поединци да дозволуваме да ги донесе нашите меѓунационални односи во едно скоро, вриење.

СТОЈАН АНДОВ: Видете, треба ако може да ја смириме работата и да си свршиме работа. Ние треба да работиме, а да нема премногу нервоза. Да ви објаснам, овој предлог да интервенирам, некој ако нешто неуставно каже, за се што секој каже одговара сам. И тука на никого санкции не можам да му изречам, се разбира. Друго да ви" кажам нервоза сигурно има од настапите на одделни пратеници кои на некој неприфатлив, за пратениците од албанската народност, овде се изразува, за албанската народност се изразува, да кажеме. Меѓутоа, има и обратно. Вие рековте сега за еден таков случај. Јас ќе ви кажам дека нервозата е обострана и затоа треба двете страни да се обидеме да ја смириме. Искажувањето дека Албанците треба да бидат -соговорник во овие разговори, дека не можат да се разберат Албанците, ако не се разбира вака како што јас го објаснувам, зашто тие се учесници во разговорите. Албанците во Македонија се учесници и Македонија оди и вградувајќи ги и вашите гледишта и вашите согласности итн. Надвор од тоа би требало, бидејќи имаме, ако не е така и ако поинаку се мисли, а може да излезе некогаш и поинаку да се мисли, како се настапува зад оваа говорница тоа дека треба Албанците да учествуваат во системот на суверени држави и разговори кои се водат. И затоа сега велам, и од овде, тоа не е прифатливо се разбира. Не можат Албанците од цела Југославија да учествуваат како еден субјект. Албанците во Македонија си се овде, вие го поддржувате интегритетот на Македонија, суверенитетот на Македонија, Македонија како суверена држава, тука. Не можеме ние овде да водиме сметка како ќе учествуваат другите Албанци. Тие што си се во Србија, ќе учествуваат во Србија, нивниот став каков е, тие што се

во Црна Гора, таму ќе учествуваат, има и во Хрватска Албанци итн. Видете надвор веднаш доаѓаме до судир со суверенитетот на Републиката, а тоа вие никако не сте го изрекле, не одите на тоа, јас колку што знам. Затоа, велам и од една страна и од друга страна има некои неуставни искази понекогаш и ајде да ги разјасниме колку можеме, ама да се вратиме на нашата основна задача за која мислам дека се договоривме сега, при првата следна прилика да видиме дали може нешто и тоа да се доработи.

И да одиме сега, вториот предлог беше на господин Котевски т.е. е на текстот како сега наидуваме тука е суверена демократска држава и понатаму. Предлагам конкретно каде тоа се однесува да се прифати.

Дали можеме така?

Молам, господин Ешреф Алији.

ЕШРЕФ АЛИЈИ: (ПДП) Излегувам против моја желба, но да ни биде јасно и да нема недоразбирања. Јас мислам дека нема недоразбирање. Нема ни совршенство. И на мене самиот ми причинува задоволство што го имаме почитуваниот господин претседател на Македонија и нашиот. претставник во југословенското Претседателство и ниту ми паднало на ум, ниту пак имам потреба околу тоа да се размислува и да се сомневаме.

Тврдам и велам дека нема потреба за такво нешто и за сите 23 пратеници зашто од ова нема полегитимни претставници за нашата Република и господин Киро Глигоров кој е претседател на Републиката тој е и мој претседател, а впрочем и на другите 22 пратеника кои добија претседател на државата и исто така на целиот народ, а тој е и наш.

Во оваа работа не треба ниту нервоза ниту недоразбирање. Некојпат во самите зборови и во искажувањата, господинот претседател Стојан Андов тоа го кажа и го појасни, може да дојде до нејаснотии, но би ве замолил објаснување за некои определби во тој став. Имаме понекогаш говорни тешкотии, да внимаваме да не се стави нешто што би останало недоречено, зашто мислам така може да се разбере погрешно или полупогрешно од она како што треба да се разбере. Затоа, јас тоа го кажувам и уште еднаш велам оваа Платформа треба да се прифати како што е предложена од сите. Таа реченица што ја ставаме и со својата желба да ја сфатам во контекст за произнесување во позитивна смисла но имам една несигурност, да ми се одговори дали се однесува таа филозофска мисла, дали е на релација Македонија и другите или се однесува внатре во Македонија, а што е сигурно и бездруго Македонија и другите. (Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ: Тука е и личната слобода на човекот на неговата слобода има граници во слободата на другата личност.

ЕШРЕФ АЛИЈИ: Јас сум благодарен за толкувањето и бидејќи е така тоа е и најхуманото во светот. Се извинувам за овие одземени две минути.

СТОЈАН АНДОВ: Според тоа јас му благодарам исто така, на господин Ешреф Алији. Значи ова што го предлагаше господин Котевски се усвојува. Амандманите мора да ги разјасниме. Мораме да одиме така, бидејќи се конкретни амандмани.

Натаму имавме два амандмана.

Еден амандман поддржан од тројца за регионалниот аспект да се внесе и еден амандман од господинот Георгиевски изложен да се отфрли досегашниот фонд за кредитирање на извоз на опрема. Видете тоа се конкретности, нека нашиот претседател таму расудува. Во таа област верувајте нема што да го проучува. Така многу повеќе од нас овде ќе води сметка и подобро знае што точно треба да биде.

Дали може така, прифаќаме ли? (Може).

Ги повлекувате амандманите, добро, нема изјаснување за тоа.

Предлагам овде да остане и ова околу одбраната вака како што е. Инаку и тука верувајте, интересите на Македонија и како држава и за нејзината воена сила, претседателот добро може да ги брани и ќе ги брани и верувајте меѓу нас единствен е тој кој бил современик и учесник и кога сме имале вистинска македонска вооружена сила. Тоа да го знаеме, да не заборавиме така да не треба да веруваме дека од него тоа подобро го знаеме.

Може ли ова да го усвоиме како рамка, а тој после да го застапува ставот така како што е најголем интерес на Македонија. Може? (Може).

Околу четвртата точка немаше конкретни амандмани, имаше некоја недоверба, дали ќе биде добро, јас предлагам сепак да остане овој текст.

Инаку што се однесува до интервенцијата на господин Стефковски дали да биде ова заедница на југословенски суверени држави, или да кажеме за конфедерација? Видете заедница може да биде и значително полабава од постојните конфедерации. Значително може да биде полабава заедницата ваква каква е од некои постојни конфедерации. Вака да не одиме во тоа. Проблемот што тој го истакна е дали на овој начин залагајќи се за заедница на суверени држави, се бориме и за меѓународен суверенитет. Таа се разбира се бориме, тоа се суверени држави. За што друго се бориме, се бориме и за тоа, се разбира.

Затоа предлагам да одиме на усвојување на текстот. Дали се согласувате? (Се согласуваат). Има збор господин Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) . Бидејќи сегде велиме заедницата, во третиот пасус втората реченица, ќе ја прочитам: "ЈНА како активен дел на заедничките вооружени сили ја штити, ја брани независноста, интегритетот и територијалната целокупност на земјата од надворешна агресија". Ова "земјата" предлагам да се замени со зборот "заедница".

СТОЈАН АНДОВ: Може. Дали се согласувате?

Предлагам да преминеме на усвојување на овој текст.

Молам, кој е за нека крене рака ? (Пратениците креваат рака ).

Дали има некој против? (Еден глас).

Дали некој се воздржува од гласањето? (14 гласа).

Според тоа текстот е усвоен, со 14 гласа воздржани и еден против.

Сега ве молам да ја прекинеме осмата, и да продолжиме со работа со седмата седница, со точката која ни беше на дневен ред.

Дали може така?

Давам пауза од 15 минути - ве молам.

(Седницата прекина со работа во 16,35 часот попладне на 28.02.1991 година.)

ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ОСМАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО

ПОЧНАТА НА 28 ФЕВРУАРИ 1991 ГОДИНА, НА ДЕН 1 МАРТ 1991 ГОДИНА

со почеток во 19,20 часот

СТОЈАН АНДОВ: Предлагам да продолжиме со прекинатата осма седница.

Преминуваме на втората точка - Информација за актуелни прашања *со* објавувањето на Извештај на Стејт Департментот на САД за состојбите на човековите права во Грција, Бугарија и Албанија како и во Југославија за 1990 година.

Материјалот ви е поделен, а исто така ви е поделен и Извештајот на Комисијата за надворешни прашања и односи со странство.

Бидејќи материјалот е од доверлив карактер, ги молам претставниците на средствата за јавно информирање да го имаат тоа предвид.

Пред да отворам претрес, уводно излагање ќе даде господинот Тито Беличанец.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ: Сите сме преморени, немам намера да давам интегрален увод на излагањето, меѓутоа сметаме во Извршниот совет дека проблемот е извонредно значаен и треба да се укаже на некои прашања кои треба да се имаат предвид при заклучувањето и при усвојувањето на документот. Како што гледаме работните тела на Собранието се определиле за изјава.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

- Извештајот на Стејт Департментот е редовна публикација што американската администрација ја упатува до Советот на американскиот конгрес и во која се содржани податоци, согледувања и оцени за состојбата на човековите права во над 160 земји во светот, а годинашниот извештај по обем надминува 1.800 страници.
- Извештајот ја следи состојбата на човековите права во повеќе подрачја од кои позначајни се: слободата на печатот, слободата на собирањето и здружувањето, независноста на судовите, ускратувањето на правата поради половата, верската или друга припадност, правата во областа на работата и трудот итн.

- Извештајот на Стејт Департментот повеќе години наназад содржи согледувања и оцени и за состојбата во областа на човековите права во Југославија, а тој дел и оваа година содржи оцени и согледувања кои и досега биле и ќе бидат предмет на постојан дијалог меѓу официјалните претставници на двете земји.

- Во рамките на контактите што ги остваруваат надлежните органи и носителите на политичките функции во Републиката на официјалните претставници на Соединетите Американски Држави_им се презентирани ставовите и погледите на СР Македонија за повеќе прашања што се предмет на внимание на Извештајот на Стејт Департментот.

- Врз основа на досегашните извештаи може да се констатира дека Извештајот претставува релативно заокружен преглед на ставовите и погледите на американскиот Стејт Департмент и претставува израз
на интересите на американската администрација за различни аспекти од состојбата на човековите права во одделни земји и региони во светот. Како официјален документ на американската администрација, оценките, укажувањата и фактите изнесени во овој извештај се земаат предвид или служат како основа за одделни надворешно - политички чекори на американската администрација или за позаокружени приоди и активности. Годинашниов извештај на Стејт Департментот прави забележително поместување во приодот и во елементите што го зема предвид за оценување на состојбата со човековите права во некои наши соседни земји. Тоа предизвика значителен интерес на јавното мислење и остри реакции во официјалните кругови на Република Грција поради фактот, како што е познато што оваа година Извештајот укажува на постоењето на пречки во остварувањето на првата на македонското национално малцинство во Република Грција и во остварувањето на правото на турското малцинство во оваа земја, при што се наведуваат и некои податоци и факти што ја објаснуваат и ја поткрепуваат ваквата оцена. Во Извештајот, како што може да се види дел од македонскиот народ што живее како национално малцинство во Република Грција се квалификува различно како: славомакедонци, Македонци итн., а нивниот .број според Извештајот е неколкукратно помал од вистинските. Покрај тоа, извештајот регистрира само некои помали од големиот број дискриминациони и репресивни мерки на грчите официјални власти што се преземаат спрема Македонците во соседна Грција. Но, и ваквото поместување може да се оцени како позитивен чекор кој во иднина низ натамошен интерес и увид за вистинските состојби може да резултира и со позначаен пробив на продлабочени сознанија и оцени на американската администрација за проблемот на кој СР Македонија, односно нејзините претставнички, политички извршни тела, научните институции и најшироката јавност, укажуваат веќе подолго време.
Од страна на официјалните кругови во Република Грција Извештајот беше доживотен, како што можевте да се запознаете и од средствата за јавно информирање,како шок и наиде на жестоки отпори, на обиди да се минимизира неговото значење, да се бара на ултимативен начин Извештајот да биде повлечен, изменет, дотеран, нашминкан

итн. Тој беше предмет на интензивни разговори меѓу грчките и американските официјални личности во кои, според грчкиот печат неговото објавување е ставено и во поширок контекст на нивните меѓусебни односи, доведуван е во врска со одделни актуелни состојби на меѓународната сцена итн. Тука сакам да подвлечам дека во тој дел тоа е прашање исклучиво и на нивните односи за чија состојба и интензитет се повикани да решаваат претставниците на тие две земји.

Она што, меѓутоа може да се оцени како позитивен момент е секако отворањето, макар и на ваков начин, пред пошироката јавност на Република Грција на еден проблем кој официјалните структури безуспешно со години се обидуваат да го претставаат како непостоечки. По повод Извештајот во одделни политички средини и во пошироката јавност во Грција се слушнаа и гласови на разум и изрази на резерва кон закостенетите ставови на грчките официјални власти кои со одбивањето дијалог за прашањето на положбата и правата на Македонците во оваа земја, покрај тоа што им нанесуваат штета на односите со СРМ, со Југославија и што вршат репресија врз еден голем дел од своите граѓани, туку според оценките на повеќемина истакнати претставници на грчкото општество и нанесуваат штета на Грција, на нејзиниот углед и во крајна линија и на нејзините објективни интереси.

Во делот на Извештајот што се однесува за состојбата на човековите права во Бугарија, на положбата на македонското национално малцинство во оваа земја му е посветено видливо помало место, и индикативно е тоа што македонското национално малцинство се споменува само во делот на Извештајот во кој се разгледува прашањето на слободата на здружување и собирање.

Во делот на Извештајот што се однесува за состојбата на човековите права во Албанија, маргинално се третира прашањето на положбата на Македонците во оваа земја, дефинирајќи ги како помала етничка заедница и укажувајќи на можноста за нивно образование на мајчин јазик во почетните години.

Нашите очекувања во врска со натамошното третирање на состојбата со човековите права од страна на Стејт Департментот и на други слични владини или невладини тела и институции, можат единствено да придонесат за запознавање на вистината за положбата на Македонците во соседните земји, така повеќе ќе се доаѓа до пореални и поцелосни сознанија за состојбата на човековите права во нашата земја, како и ќе се создаваат услови и атмосфера, за билатерални средби и разговори како и за мултилатерални собири на кои состојбите со осудувањето на човековите права ќе бидат третирани отворено, со потребната реалистичност, меѓусебно уважување и се разбира со конкретни чекори во унапредувањето на постојните состојби со кои не можеме да бидеме задоволни.

*

* *

Врз основа на своите јасно утврдени ставови и приоритети се разбира, во тој правец свој значаен придонес може да даде и нашето Собрание, пред се, низ својата законодавна дејност како и

другите политички органи и организации, здруженија, научни институции и поединци. Сметам дека би било исклучително корисно да се продолжи со политиката на наша отвореност за интересот на претставниците од други земји и земјите и меѓународни организации Европскиот совет, Европската заедница, Европскиот парламент и други кои покажуваат интерес за состојбите на остварувањето на човековите права кај нас или во земјите на нашето соседство.

Во таа смисла, посебна улога и натаму ќе имаат невладините организации, независните институции, групи и угледни поединци, како и извонредно значајни извори на сознанија за состојбите на човековите права и слободи и како фактори кои можат да ја унапредуваат свеста за неопходноста од почитувањето и заштитата на човековите права, а на тој начин и да создаваат предуслови за нивното реално остварување.

Извршниот совет не стигна да ги погледне заклучоците на седницата и изјавата, меѓутоа, како што практикуваме извршивме консултација и сметаме дека заклучоците што ги предлага соодветната Комисија за меѓународни односи, на исцрпен начин и ги опфаќаат основните прашања од значење за заклучување за ова прашање и ќе придонесат и за утврдувањето на положбата на Македонците во деловите на Македонија, во соседните држави, деловите во кои живеат Македонци. Исто така, ја поддржуваме и определбата на работните тела која е остварена по иницијатива на Партијата на реформските сили и на ВМРО-ДПМНЕ и сметаме дека истата треба да се објави но, да се достави до парламентите на сите европски земји и институции и до САД и Обединетите нации.

СТОЈАН АНДОВ: Има збор госпоѓа Димитрова.

РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) На иницијатива на Реформистите и на ВМРО, Извршниот совет и Комисијата за надворешно -политички прашања се покажа доста ажурна и брзо реагира, така што за неколку дена веќе ние имаме изјава. Меѓутоа, нашата група предложи резолуција во којашто ќе има и доста исцрпен и документарен материјал за положбата на Македонците во Грција којашто ќе биде испратена до Американскиот конгрес, како што меѓу другото беше предложено и за оваа изјава.

Наместо таква резолуција во којашто ќе се поздрави делот од Извештајот за положбата на Македонците во Грција ние ја добивме изјавата којашто е доста штура од наш поглед. Причини за ова донекаде можат да се најдат или насетат, ако се прочита целосниот извештај за Југославија и за соседните земји од американскиот Стејт Департмент. Меѓутоа, ние не можеме да ги прифатиме тие причини, прво заради тоа што не можеме да очекуваме дека некој друг ќе ја знае сосема ситуацијата така како што ние ја знаеме, во целост ќе ја даде и ќе ни помогне, и второ, заради тоа што ние го поздравуваме оној дел од Извештајот што се однесува на нашето национално малцинство, на Македонците од Грција. Сметаме дека нашата свест за сопствените граѓански слободи и права е ставена на некој начин во футрола. Ние не загрозуваме никакви права со тоа што јавно на едно повисоко поткачена трибина ќе ја изнесеме вистината за положбата на Македонците во Грција. Меѓутоа,ние сме

години и ништо или скоро ништо не сме сториле за овие тешки правни цивилизациски прекршоци за да разбере светот. Кај нас се уште постои страв кој не спречува да ги користиме своите граѓански права. Наше неотуѓиво граѓанско право е да го запознаеме светот и светската јавност со положбата на Македонците во Грција. Извештајот од Стејт Департментот е една драгоцена прилика за тоа, ако се застапуваме за своето не значи дека ги оставаме на цедило нашите соседи со коишто живееме во една држава. Тоа е непотребен комплекс којшто ни е ставен. Пружена ни е шанса и ние треба да ја искористиме на вистински начин. Тука беше спомнат проблемот на јазикот. Јас би сакала нешто да кажам за. јазикот на нашите документи, на нашите пишани материјали што ги добиваме. Уште на првата седница на новиот парламент, ние добивме еден документ со којшто, јас како нов пратеник бев многу изненадена. Беше наречен Преглед на опции и беше во функција на првиот Југословенски самит. Јас лично во животот не сум прочитала понепрегледен преглед. За мене јазикот на овие документи ако изразува стручност, вистинска стручност треба да биде прво како јасен. Јасноста е првиот елемент на стручноста, да не ширам доцна е и нема трпение, мислам дека јазикот е многу важен во овие документи. Оттука, беше спомнат и јазикот на оваа трибина. Не го делам мнението со оние дискутанти коишто рекоа дека не го владееме македонскиот јазик. За мене јазичната свежина којашто се појавува на оваа говорница е многу драгоцена, дури и македонските дијаманти со задоволство ги слушам. Тоа е нашето богатство на нашиот јазик.

Сакам нешто да кажам за јазикот на оваа изјава, се разбира, веројатно има и други причини заради коишто овој јазик е таков, само мислам дека ако се остави ваков каков што е и ваков се прати на тие адреси, ова може да биде и против продуктивно. Може да се разбере и инаку нашето поздравување и нашето прифаќање. На пример, во изјавата ударна реченица е: "Собранието со задоволство констатира дека постои позитивно поместување на оцените на состојбите што ги карактеризираат положбата и правата на македонското национално малцинство во Грција..." Тоа е едно прифаќање и поздравување со многу, многу огради, многу кисело, отворено да се рече, прифаќање. Се плашам дека ова може да има спротивни ефекти.

Затоа, предлагам да се преработи изјавата и во неа да влезат некои конкретни иницијативи, не само како што пишува тука се очекува ова прашање да биде предмет на натамошен претрес во Стејт Департментот или - Собранието на Македонија ќе пријде со посебен респект кон овие прашања итн. Некои поконкретни иницијативи да влезат,да се измени донекаде начинот на изјавата. И го прифаќам ова што беше предложено да се прифати во Американскиот конгрес, Европската заедница и до Европскиот парламент.

СТОЈАН АНДОВ: Има збор господин Превала.

ШАБАН ПРЕВАЛА: Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал со неколку збора да го изразам заедничкото задоволство што за македонскиот народ станало збор на вака висок орган како што е Стејт Департментот и се изнесени такви залагања и мислења што одат во прилог и на афирмацијата и на унапредувањето на положбата на деловите на македонскиот народ во соседните земји, во светот би рекол.

Мислам дека има причина, независно, од одредените не прецизности во поглед на наречувањето, сепак за нас како Република е значајно тоа што, јас мислам за првпат еден таков висок орган од светски карактер и во една таква публикација стана збор за македонскиот народ, за деловите на македонскиот народ во соседните земји. Апсолутно се согласувам дека тоа треба да биде причина за залагање и да очекуваме дури од САД за унапредување на положбата на деловите на македонскиот народ во~соседните земји. Во тој контекст, јас се согласувам потполно со изјавата што е изготвена за таа цел. Ако треба да се допрецизираат некои формулации, тука сме, но во секој случај мислам дека добро е што конечно и соседите и светот се информираат за македонскиот народ, за неговите делови преку една таква публикација.

Јас мислам дека добро е и тоа што ние и по овој повод изјавуваме, вака во овој Парламент дека сме подготвени и отворени спрема разни европски парламентарни делегации, со цел и тие да се запознаваат со правата, човековите права и другите права што ги остваруваат граѓаните во Македонија, сигурно, посебно припадниците на народностите. Во тој поглед јас очекувам лично дека таквите делегации ќе ги пречекаме подготвени и ние во рамките на Македонија ќе се залагаме за натамошно унапредување на правата на народностите во Македонија со цел, аргументирано со дела пред јавноста да докажеме дека тие не се окрнати, туку напротив има резултати во унапредувањето на нивните права.

СТОЈАН АНДОВ: Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ: (ПДП) Јас би сакал малку да го прокоментирам Извештајот на американскиот Стејт Департмент. Навистина положбата на Македонците во Бугарија, Грција и Албанија се третира маргинално. Тоа се забележува, што значи дека ние и понатаму треба перманентно да укажуваме за правата на Македонците во овие соседни земји, а со нашите активности се повеќе да котираме во тие европски парламенти и Конгресот на американските држави.

Освен тоа во делот од тој извештај загрижува тоа што 18 страници се посветени на Југославија,а во тој контекст и во Македонија. Посебен акцент е даден на Србија којашто се обвинува за репресивни мерки против Албанците, а една таква оцена е меѓу најлошите во Европа, што јас потполно се согласувам иако во овој извештај е опфатена и Македонија со посебен акцент на положбата на Албанците, исто така. Во делот од Извештајот за дискриминација врз религиозна основа, сега цитирам: "македонските власти манипулираат со прописот за височината на ѕидовите што традиционално ги опкружува албанските куќи, со цел да го оправдаат нивното рушење". Јас, за едни вакви несмислени активности и акции, во овој случај морам да ве потсетам на еден случај во с. Арачиново кога падна и жртва на едни вакви несмислени активности. Знам дека вистината боли, но вистината треба да се кажува. Ако не можеме ние, секогаш ќе се најде некој друг да ни ја каже, а во овој случај еве и еден американски Стејт Департмент. Меѓутоа, единствена сатисфакција може да ни биде дека еден голем дел од нас што сме тука во овој Парламент не сме кумувале во тоа. А тие што се учесници и креатори на една

НД

таква политика, односно беа креатори, јас можеби ќе бидам малку вулгарен, но нека ја наведнат главата ако има човечки сентимент, барем нека поцрвенат. Сето ова нека ни биде и поука за понатаму, треба добро да ги осмислиме ваквите активности, затоа што гледаме
ка ни се враќаат со еден силен бумеранг. Во спротивно, нон - стоп ќе пречекаме делегации и од Американскиот конгрес и до Бундестагот и од Европскиот парламент и од Хелсинки, а зошто, кога можеме и толку сме умни и паметни и хумани, овие проблеми со една толеранција да ги решаваме сами. А на тие делегации да им отстапиме малку време и тоа со патоказ кон Грција, Бугарија па и кон Албанија,затоа што јас еве би завршил со оваа моја мисла можеби мислата ја прочитаа некаде, тие што скратуваат права на другите, на иднината секогаш гледаат со страв.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДП) Од ова пред малку убаво не сфатив што се сакаше да се каже. Изгледа нешто друго.

Во самиот материјал стои дека од тоа произлегуваат политичките потреби на американската Влада, тој извештај и сигурно не сме толку наивни да поверуваме, дека таму тоа што е напишано е заради некоја грижа за Македонија и не сме толку наивни да помислиме дека тоа е навистина шок во Грција, ако не барем тоа е мое лично мислење, потреба од таква драматизација, пред се, што одговара на грчката Влада и притоа воопшто не постои ризик дека со таквото шокирање на сопствената јавност може да покрене нешто што би било антигрчко, односно што би ни одговарало нам.
Во односите и на Балканот и во Европа, а на Балканот особено каде што има долга традиција таквиот вид на борба меѓу соседите чија крајна цел е Македонија, сигурно не се тие држави наивни. Само, треба да внимаваме ние во тоа да не излеземе наивни.

За мене едно декларативно јавување до Америка или до Европа, не е којзнае каква потврда на онаа македонска цврстина што сакаме да ја изразиме. Дури можам да поверувам дека претставува изразување на немоќта на македонската држава и хипотека на она што сакаме да го направиме во иднина како држава.

Јас би размислувал на друг начин. За мене ова е само провокација да размислувам на следниов начин и евентуално ако има тука присутен некој што е надлежен, бидејќи не ги познавам сите механизми во СР Македонија, одредени служби итн., докрај ако некој се наоѓа во Парламентот, би било интересно да ја преземе идејата, да ја разработи и евентуално да се врати како иницијатива во Парламентот. Се работи за следното, дали на Македонија и е потребно декларативно да одговара на такви податоци или треба некој институт или агенција, така да ја крстам, стратешки да ги преиспита, односно да ја преиспитува националната стратегија со какви податоци, дали има таква линија оти треба да се преиспитува.

Сакам да кажам, дека на Македонија, ако не грешам, очигледно и недостасува една агенција или институт за стратешко планирање, односно за национална стратегија. Таа би била лоцирана така како што е Агенцијата за безбедност, да речеме, во иднина или шпионажа, или контрашпионажа во една држава, но не е тоа, иако можат да бидат во некоја координација и она што може да претставува едно

глобално стратешко фразирање дури и во сферата на она што претставува интелектуален предизвик на македонската држава во сферата на националната програма.

Од тие причини сметам дека треба да се размисли, пред се, затоа што не би прифатил доколку на ниво на Југославија постои таква институција која би била прифатлива за Македонија, бидејќи сметам во идната суверена Македонска држава мора да избегне секаква југословенска контрола, една таква институција којашто е многу битна за опстојувањето на македонската држава и заштита на македонските национални интереси и особено ако има било каква опасност во близина да се лоцира со ЈНА, без некоја лоша намера. Едноставно сметам дека таа институција мора_ да остане само под контрола на македонската држава. се она што се случува како процеси што можат да не охрабруваат или обесрахбруваат на тоа поле, каков е односот спрема нашите *луѓе,* на деловите на Македонија што се кај соседите, што се случува внатре, па дури во владите кај соседите, сметам дека не треба да биде предмет на Парламентот на ваков начин, со изјави, туку некој треба да работи на тоа и да го преиспитуваме нашиот интерес во чекор.

БРАНКО АРСОВСКИ: (СПМ) Јас само малку, една интервенција сакам да дадам во текстот кој се однесува на изјавата, а е потпишана од претседателот на Собранието на СРМ Стојан Андов.

Мислам дека имаме некакви разлики од ова што е дадено од страна на Комисијата, до претседателот кога се однесува за текстот. Кога го анализирам, односно гледам овој увод во Предлогот, тука е содржано: "Собранието на СРМ на својата седница... состојбите на човечките права се однесуваат на Грција, Бугарија и Албанија".

Меѓутоа, што се однесува до диспозитивот, во ставот 1 од диспозитивот на изјавата се вели:"Собранието на СРМ... ги карактеризираат положбата и правата на македонското национално малцинство во Грција." Дали се однесува само за Грција, а јас како да имам едно чувство требаше да продолжи и да се наведат и Бугарија и Албанија.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (МДПСПМ) Мислам дека во функција,не кренав рака заради интервенција во текстот, мислам дека текстот е добар и треба во еден поширок контекст д гледаме на ова обраќање.

Ние не се додворуваме на институциите, како што е американскиот Стејт Департмент ниту на било кој друг, меѓутоа, ја известуваме светската јавност, на одреден начин даваме сигнал, дека се согласуваме со реакцијата што произлегува од таму. Се разбира дека тука има и други поводи за една ваква содржина која на одреден начин "топло -ладно" во една конотација не претставува во смисла на тоа дека правата на Македонците во Грција се ускратени, а од друга страна укажува на некои неправилност овде, јас не ги сметам од таков карактер што би значеле нарушување на статусот на малцинствата, односно на народностите во Македонија, и тука треба направиме една битна дистинкција. Во таа смисла мислам дека оваа изјава е прикладен начин на обраќање на ова Собрание.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (СКМ-ПДП) Бидејќи имаше некои конкретни забелешки како во однос на тоа дали треба да биде изјава или резолуција, или можеби некој друг документ, декларација итн.

имаше и непосредна забелешка, ако добро разбрав, не толку на текстот колку на јазикот со кој е напишана изјавата и отсуството на некои конкретни иницијативи во самата изјава. Како задолжен известител од Комисијата во врска со овие забелешки би сакал да дадам дополнителни објаснувања.
Првичниот предлог, иницијативата за донесување на некој акт, со што Собранието на Македонија ќе се изјасни по повод Извештајот на Стејт Департментот, беше презентиран_од пратеникот Славе Наумовски. Тогаш беше презентиран како предлог за донесување резолуција. Нешто слично беше иницијативата и од Сојузот на реформските сили, од нивната пратеничка група, меѓутоа, ми се чини дека тогаш не беше презентирано за кое ниво на акт треба да се работи.

На Комисијата околу тоа поразговаравме и оценивме дека непосреден повод за реакцијата е токму Извештајот на Стејт Департментот дека не би требало да биде резолуција, или некој покомплексен документ да се донесува по тој повод. Може да биде повод за донесување резолуција прашањето на состојбите со македонското малцинство во соседните земји, како посебна работа кога ќе ја донесеме, кога ќе ја обмислиме, разработиме, во којашто се ќе биде внесено, меѓутоа, тоа ќе биде поводот, а не да биде повод Извештајот на Стејт Департментот којшто патем би напоменал се донесува секоја година и дека она што е различно од она што било досега, што вака ги разбранува страстите и тука кај нас и во соседна Грција е тоа што, за разлика од минатите години се забележува еден позитивен чекор во оценувањето на состојбите со македонското малцинство во Грција. Меѓутоа, ниту далеку од реалните состојби, барем според нашите процени.
Токму, можеби, поради тоа на госпоѓата Ратка и изгледаше првата реченица од Изјавата малку скромна или кисела, или можеби да предизвика некој контрапродуктивен ефект, ако добро разбрав, меѓутоа, не треба да има нотација во Изјавата од што би можело да се заклучи дека ние сме во потполност  задоволни со тоа како во Извештајот се презентирани состојбите во врска со македонското национално малцинство во Грција.

Потпретседателот на Извршниот совет во своето образлагање напомна неколку работи дека тоа ниту од далеку не се клучните моменти засегнати во Извештајот што би говореле за обесправеност на Македонците. Се споменуваат податоци што ни од далеку не се реални. На пример, бројот на припадниците на тоа малцинство во Грција. Се споменуваат термини и категорија како што се славомакедонците итн., така што сите тие резерви остануваат и натаму. Ние можеме единствено да констатираме дека, за разлика од минатите години во овој овогодишен извештај постои еден позитивен чекор и заради тоа мислам дека е доволно на тој начин, токму како што е презентирано во Изјавата дека треба да се формулира.

Инаку, ако добро го погледнавме Извештајот од работата на Комисијата, ќе забележевте дека под точка 8 се вели:

"Тргнувајќи од утврдените принципи на единствената југословенска надворешна политика, Собранието ќе се обрати по европската јавност и европските институции што се занимаваат со комплексот на човечките и малцинските права со цел...", да не го читам целиот текст докрај, со што однапред се зеде обврска дека
НД

во наредниот период една од непосредните задачи на оваа Комисија
биде да подготви токму едно такво обраќање што ќе биде презентирано на целокупната европска јавност и ќе се преземаат иницијативи низ некои невладини институции, делегации и сето она што веќе е практика во Европа во врска со овие прашања, како би се актуелизирало тоа прашање уште повеќе. Сметам дека навистина во оваа Изјава, која треба да биде најдекларативно нешто што може да биде, не треба да се обременува со некои конкретни иницијативи, односно да бидат внесени некои конкретни иницијативи, туку тие конкретни иницијативи треба да се преземат, да не се внесуваат во изјавата.
Имаше уште една забелешка, а тоа е зошто во првата реченица во Изјавата се завршува со Грција, а не се завршува со набројувањето на Бугарија и Албанија. Заради тоа што во оцените за состојбата со Македонците во Бугарија и Албанија,воопшто не се забележува никаков напредок што се однесува до оцените на реалните состојби. Маргинално се третираат овие проблеми, така што ниту од далеку не можеме да искажеме некое задоволство, како што тоа го правиме во првиот дел, за проценувањето и оценувањето на состојби на човековите права во овие две земји.

На крајот само би напомнал едно мое лично мислење, мислам дека навистина не треба да се очекува дека ова ќе одигра којзнае каква улога кај американскиот Конгрес или кај Стејт Департментот, бидејќи овие извештаи не би вределе ни пет пари доколку под влијание на нечие задоволство или незадоволство би ги менувале своите извештаи во зависност од тоа. Меѓутоа, бидејќи сметаме дека една ваква изјава би одиграла сепак улога дека се следи што се случува или се следи начинот на кој овие работи се оценуваат, би одиграло улога во македонската јавност туку и би се одиграло улога во грчката јавност, односно Македонците во Грција каде што би се афирмирала целата оваа работа.

Ако внимателно го погледавте Извештајот има некои оценки што говорат за состојбите во Југославија, меѓутоа и за состојбите во Македонија, и токму заради тоа изразуваме потполна спремност да бидат прифатени парламентарните групи, дури ние ќе иницираме такви посети од парламентарни групи и владини и невладини делегации, како би можеле да се уверат на лице место каква е состојбата со човековите права во Македонија.
ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДП) Сега ја прочитав изјавата што е дадена и таа, таква каква што е направена одговара. Тоа е максимумот што можеме да дадеме признание, а не да ја праќаме некаде, туку да се објави за нашата јавност. Има акредитирани новинари, ќе си преземе секој што мисли дека е интересно и колку е интересна и ќе го одмери правото место. Да нема никакви амбиции да бидеме наметливи, да дотураме, затоа што нема да ни користи да ја дотураме на друго место освен во Македонија, за наши потреби да ја пуштиме.
Инаку, давам поддршка на оваа дискусија што ја кажа Црвенковски, Добро е така како што образложи, а да не се адресира, така да остане, како што е.
НД

РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) Заради недостатоците на тој извештај во описот на положбата на македонското малцинство во Грција, мислам дека е шанса да се даде дополнителен материјал да се дообјасни, што не значи дека е тоа спротивставувано на Извештајот. Останувам и натаму дека изјавата е бледа дека може да биде поинаква, а инаку што се однесува до забелешките на Голубовски тоа е еден обид многу познат кај нас да се префрли плашт на молчење врз овој проблем и да се спречи тој да се интернационализира. Оваа грижа за тој проблем на Голубовски е предлог за агенција под ничие покровителство го покажува неговиот однос спрема основните определби на ВМРО и покажува каков е тој ВМРО- вец.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ: Мислам дека изјавата е бледа затоа што
се навистина бледи одредени фактографски податоци кои се објавуваат во документот кој е документ на една држава, но има извонредно значење во расправата на меѓународни институции и организации иако одредени податоци ги прифативме како точни и позитивно се изразивме понатаму може да се оперира со тие податоци. Јас би молел, ние како секретаријат бидејќи со внимание ја проучивме имавме во прво време одредена резерва дури и за изјава, но сметаме дека текстот кој беше предложен, кој беше подготвен како изјава, така како што е подготвен, сепак треба да го усвоиме како Собрание за да го назначиме тоа позитивно поместување за односот на една голема сила која има извонредно влијание во меѓународните односи кон Македонците во Грција, а не ги афирмираме другите аспекти на проблемот.

И второ, не се спротивставува идејата што госпоѓа Димитрова ја предлага со точката 8 која другарот Црвенковски ја елаборираше, да се подготви еден посебен опсежен текст кој ќе го усвои ова Собрание, ќе му даде на меморандум или друг соодветен назив и ќе го упати до сите земји за да ги запознае со положбата, состојбите и остварувањето на правата на Македонците во Егејскиот дел на Македонија, Пиринскиот дел и во Албанија.

Сакам да ве информирам дека наесен односно кон крајот на август се одржува Конференцијата на КЕБС во Москва на која верувам дека ова Собрание ќе ги продолжи подготовките кои ние ги започнавме и исто така ќе настапи со едек документ со кој ќе ги запознае учесниците на КЕБС за положбата и состојбите на македонскиот народ во соседните земји. И веројатно сте информирани на претходната Конференција на КЕБС во Копенхаген за прв пат после 40 години југословенската држава излезе со меморандум кој беше презентиран КЕБС во името на југословенската Влада и тој секако значајно придонесе заедно со учеството на сите невладини организации и институции во интернационализирањето на положбата на Македонците во Егејскиот, Пиринскиот дел и во Албанија. Па јас би молел, бидејќи не се спротивставени овие идеи во оваа смисла да се прошири точката 8 и да се дообјасни. Впрочем, во оваа смисла говореше и другарот Црвенковски.

СТОЈАН АНДОВ: Дали уште некој бара збор?

Да се обидеме да се договориме. Ние за себе без разлика што мислиме, а исто така и што мислиме за намерите на некои од големите сили, само мораме по мое мислење, да бидеме свесни

дека ова е многу значаен акт што во годишниот извештај на Стејт Департментот е покренато и прашањето на кршењето на човековите и малцинските права на Македонците кои живеат во Грција. Тој текст не е напишан како ние што би сакале и како ние што би го напишале, меѓутоа тоа е покренување на прашањето, означено и тоа прашање, не се ни тие бројките, тоа е точно, меѓутоа тоа останува веќе во еден службен документ на Стејт Департментот и да циркулира низ светот сега. затоа ние треба да ја дадеме оваа изјава. Јас би рекол ако можеме да ја освежиме, да ја овластиме Комисијата да даде конечна редакција, не е тоа ништо лошо, не мора веднаш да се објави, Комисијата може да заседава во понеделник и да го даде конечниот текст. Исто така, предлогот фактографија, еден материјал како ние гледаме на состојбите со човечките права на Македонците кои живеат во соседните земји е наша должност.

Предлогот на господин Беличанец да го усвоиме да прошири точката 8 и да се усвои еден курс на подготовка на наша така да речам компонента, поширока акција наспроти Конференцијата за европската безбедност и соработка во Москва. Едно ќе биде обраќање до сите тие да кажеме претходно до сите потребни инстанци како треба да биде, а друго е еден мемоар или меморандум со факти кои добро ќе ги наведеме да се знае што тоа ние покренавме како стојат тие работи, ништо ние не отстапуваме од КЕБС, туку сакаме и ова прашање да се помести токму таму. Инаку Македонија нема никакви шанси да се развива ако не биде отворена за сите демократски процеси од светот и ако не го има овој став што е во изјавата да е отворена и за посети и за видувања итн. Мислам дека тезите во изјавата се сосема во ред, ако можеме да ја подобјасниме,појасно, попрецизно,да се каже нешто, да го изразиме нашето задоволство што сега е значајно подобро речено отколку порано, но дека не се 20 до 50 илјади луѓе туку имаме сознание дека се повеќе итн., и да набележиме дека иако фактите укажуваат дека сме имале право да очекуваме во Извештајот на Стејт Департментот ќе најдеше место и кршењето на националните човечки права на македонскиот народ -малцинство кое живее во Бугарија и во Албанија, сепак тоа е сосема патем набележано и очекуваме дека Стејт Департментот во иднина за тоа ќе биде подобро известен итн. важно е да има една изјава која ќе содржи малку и од тие детали. Мислам дека не пречи, лесно е тоа немојте да мислите да сме се претргнале од задоволство, сме се покориле на Америка, ова -она немојте да се оптоварувате со тоа, воспоставена е комуникација со еден систем на известување на светската јавност. Ако велиме ние така, сигурно на Грција не и е драго што има нешто и за неа. Е сега ние не можеме тоа што е за нас неповолно да кажеме тоа не го прифаќаме, затоа тоа што е за нас поволно само тоа ќе го прифатиме. Оттаму, предлагам на овој начин да се заврши таа работа. Според тоа да заклучиме. Ако има потреба да гласаме дали ваква изјава да се
подготви. Јас мислам тоа со акламацијата е прифатено, така. Едногласно прифатено.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ -(ВМРО-ДП) (зборува од место).

:



СТОЈАН АНДОВ: Ве молам дојдете ваму ако имате нешто да кажете, треба да се сними да се знае кој што кажал, по кој повод.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДП) Осетлив сум на зборот акламација, бидејќи на тој начин ни беше ускратено правото за расправа околу Декларацијата за сувереност што ја прогласивме и да се повтори уште еднаш таква практика.

СТОЈАН АНДОВ: Молам, да не се враќаме назад. Тогаш никој не бараше никакво изјаснување и затоа така се изјаснивме.

Предлагам да се гласа.

Кој е за ваков текст со овластување на Комисијата да го доврши и објави?

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Значи предлогот е овој текст на изјавата со еден обид малку да се освежи во Комисијата и потоа да се објави и достави до институциите кои ќе ги сугерира Секретаријатот за меѓународни односи да се заврши на седницата на Комисијата.

Бидејќи никој не бара збор, Предлогот на заклучокот кој е содржан во Извештајот на Комисијата за надворешно -политички прашања и односи со странство, го ставам на гласање. Со дополнување на точката 8 што овде го формулира господин Беличанец.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака ).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој). Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Преминуваме на третата точка - Предлог на одлука за прифаќање учество на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во основањето конференција на претседателите на собранијата на југословенските републики и собранијата на италијанските регии за Јужен и Среден Јадран.

Предлогот на одлуката и Информацијата за основањето на работната заедница за Јужен и Среден Јадран вклучувањето на Социјалистичка Република Македонија и досегашните активности на Заедницата, како и предлогот на текстот на заедничката изјава кои ќе ни послужат како образложение на одлуката ви се поделени.

Отворам претрес по Одлуката. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака ).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Според овие резултати од гласањето констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за прифаќање учество на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во основањето на совет  и среден  Јадран.

Сега ни остана четвртата точка од дневниот ред. Можеме ли да ја завршиме.

Пратениците во салата предлагаат четвртата точка да се одложи за 7 март.

Има предлог на 7 март да се расправа како прва точка..

Молам, кој е за тоа четвртата точка - Избор на делегација на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија да ја одложиме и да ја усвоиме и да ја апсолвираме на 7 март ?

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака ).

Дали е некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Ви благодарам, седницата е завршена.

(Седницата заврши во 20,15 часот).